# Годишен извештај за работа
# на основното училиште „Гоце Делчев“
# Општина Аеродром
# за учебната 2020/2021 година




**Јуни, 2021 год.**

***Годишен извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев“ –Општина Аеродром за учебната 2020/2021 год.***

## 1.Вовед

Општинското основно училиште „Гоце Делчев“ -Општина Аеродром како дел од државниот воспитно-образовен систем со кој се уредува дејноста на основното училиште е институција од јавен интерес. И својата работа ја темели на низа на закони а особено врз Законот за основно образование.

Целта на основниот воспитно – образовен систем е стекнување на општообразование и воспитување, складен развој на личноста и подготовка за живот, за понатамошно општо образование и воспитување.

Во воспитно – образовниот процес се исполнуваат следниве задачи: оспособување за живот, понатамошно образование и самообразование; совладување на основните елементи на современото општо образование; оспособување за примена на стекнати знаења, умеења и правилно користење на слободното време, развивање на интелектуалните и физичките способности, критичко мислење, самостојност и интерес за многу знаења, познавање на основни законитости на природата, општетството и човечкото мислење; стекнување и развивање свест за потребата од чување на сопственото здравје и заштита на животната средина, развивање на хуманост, патриотизам и други етички својства на личноста; воспитување за хуман и културен однос меѓу луѓето без да се прави разлика меѓу пол, вера, раса, националност и лично верување; негување и развивање на културата, и културното наследство; стекнување на основни познавања за убаво однесување.

## 1.Општи податоци за основното училиште

### 1.1 Табела со општи податоци

| Податоци | | |
|---|---|---|
| **Име на основното училиште** | **ООУ „Гоце Делчев“** | **ПОУ „Гоце Делчев“** |
| **Адреса,место,општина** | Ул: „Горно Лисиче“ бр.23 , општина Аеродром - Скопје | Ул.1 бр.71 Д.Лисиче |
| **Телефон** | 2438 – 288 | 2791-075 |
| **Факс** | 2438 – 288 | 2791-075 |
| **Веб-страница** | oougocedelcevaerodrom.edu.mk | oougocedelcevaerodrom.edu.mk |
| **Е-маил** | ougocedelcev_sgl@yahoo.com | ougocedelcev_sgl@yahoo.com |
| **Основано од:** | Општина Аеродром | Општина Аеродром |
| **Верификација број на актот** | 15-1943/4 | 15-1943/4 |
| **Година на изградба** | 1985 | 1985 |
| **Тип на градба** | Тврда градба | Тврда градба |
| **Внатрешна површина на училиштето(m2)** | 1981,37 м2 | 750 м2 |
| **Училишен двор (m2)** | 16 556 м2 | 6 133 м2 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 800 м2 | 800 м2 |
| **Начин на загревање на училиштето** | Сопствено парно греење на нафта | Сопствено парно греење на нафта и печка на пелети |
| **Училиштето работи во смени** | 2 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 21 | 9 |
| **Број на комбинирани паралелки** | 2 | / |
| **Јазик/јазици на кој се реализира наставата** | Македонски и албански наставен јазик | Македонски наставен јазик |
| **Во основното училиште има посебни паралелки за ученици со посебни потреби** | / | / |
| **Во основното училиште има паралелки од музичко образование** | / | / |
| **Во основното училиште има ресурсен центар** | / | / |
| **Други податоци карактеристични за основното училиште** | Зелено знаме -4 пат | Зелено знаме -4 пат |

## 1.2 Органи на управување,стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

| | |
|---|---|
| **Членови на училиштен одбор (име и презиме)** | АнитаГајиќ,ВеснаЛазарова,АлександарКостовски,Мери Глигорова ,Љупчо Трпковски,Снежана Миленкова,Ана Веновска. |
| **Членови на совет на родители (име и презиме)** | Катерина Стамболиска Јовановска ,Татјана Љјузе,Зорица Гоговска,Адријана Фејзулахи,Игор Мицаковски ,Индирана Ибраими,Елена Војческа,Надире Деда,Данче Митрева,Николина Велевска,Свето Васевски,Елена Илиевска,Мирјана Стојановска,Даниел Станковски,Ирена Трпевска,Мери Глигорова,Марија Конеска,Марија Илиевска,Катерина С.Трпковска,Сунчица Петрева,Боби Николовски,Весна Трајковска,Наташа Талеска,Роберт Блажевски,Љупчо Трпковски,Валентина Бошковска,Златко Петровски,Елеонора Блажевска,Димишковска Натка,Весна Лазарова. |
| **Стручни активи (видови)** | 1.Стручен актив одделенска настава -централно училиште<br>2.Стручен актив одделенска настава-подрачно училиште<br>3.Стручен актив - јазична и општествена група предмети<br>4.Стручен актив – математичка-природна група предмети<br>5.Стручен актив - вештини |
| **Одделенски совети (број на наставници** | Одделенска настава - 24 наставници<br>Предметна настава - 29 наставници |

| | |
|---|---|
| **Заедница на паралелката (број на ученици)** | Централно - 21 ученика<br><br>Подрачно – 9 ученика |
| **Членови на ученичкиот парламент (број на ученици,име и на претседателот на ученичкиот парламент)** | 20 ученици ,<br><br>Мирјана Дамјанова |
| **Ученички правобранител** | Ангела Нешовска<br><br>Заменик Марко Ацковски |

## 2.Податоци за условите за работа на основното училиште

ООУ„Гоце Делчев”-Општина Аеродром како основно/централно училиште, според реонизацијата од Општина Аеродром ја опфаќа територијата од реонот 7, поточно дел од населбата Горно Лисиче. Реонот 7 на запад и северозапад се граничи со ул. „Димитар Благоев“ и ул.„Тодор Чангов“ , а север и североисток со ул.„Тодор Чангов“ и со реката Вардар и на југоисток и југозапад со железничката пруга. Населението во овој реон е од мешан состав:90% се Македонци, 3% Роми и 1% Турци, кои наставата ја следат на македонски наставен јазик,а 6% се Албанци кои наставата ја следат на албански наставен јазик, но само од I-Vодделение а понатаму, своето образование го продолжуваат во други училишта во други општини. Со територијалната организација на локалната самоуправа, од учебната 2005/2006 во составот на нашето училиште припадна подрачното училиште од Долно Лисиче.

Подрачното ООУ„Гоце Делчев’’- Долно Лисиче ја опфаќа територијата од реонот 8, поточно улиците од ул.1до ул.22 .Во подрачното училиште наставата се реализира од прво до деветто одделение, на македонски наставен јазик.

## 2.1 Мапа на основното училиште






## 2.2 Податоци за училишниот простор

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 2 |
| **Број на подрачни училишта** | 1 |
| **Бруто површина** | 7683 м2 |
| **Нето површина** | 1 549 |
| **Број на спортски терени** | 2 |
| **Број на катови** | 1 |
| **Број на училници** | 20 |
| **Број на помошни простории** | 11 |
| **Училишна библиотека,медијатека** | 1 |
| **Начин на загревање на училиштето** | Сопствено парно греење на нафта и печка на пелети |

## 2.3 Извештај од реализација на планот за обновување и адаптација на училиштето за учебната 2020.21 год.

Во текот на учебната 2020.21 год.согласно Планот за за обновување и адаптација на училиштето е направено следново:

-завршено е реновирање на тоалетите на приземјето ,поплочување на подот на приземјето ,варосување на холовите и просториите во училиштето,замена на вратите во ПОУ,хортикултурно уредување на училишниот  двор,поставување на подлога на спортското игралиште,набавени се нагледни средства за осовременување на наставата: набавени се 4 бели табли ,2 лап топа,принтер  и др.набавки.

## 3. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| **Наставен и ненаставен кадар** | **Вк.** | **Етничка и полова структура на вработени** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Роми** | | **други** | |
| | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **Број на вработени** | 71 | 9 | 56 | / | 3 | | | | | 1 | 2 |
| **Број на наставен кадар** | 54 | 6 | 42 | / | 3 | | | | | 1 | 2 |
| **Број на воспитувачи** | / | / | / | / | / | | | | | | |
| **Број на стручни соработници** | 4 | / | 4 | | | | | | | | |
| **Административни работници** | 1 | / | 1 | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Помошно-технички кадар** | 11 | 3 | 8 | | | | | | | | |
| **Директор** | 1 | / | 1 | | | | | | | | |

### 3.1 Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| **Последипломски студии-втор циклус** | 2 |
| **Високо образование** | 59 |
| **Виша стручна спрема** | 1 |
| **Средно образование** | *9* |

### 3.2 Вкупни податоци за старосната структура на вработените

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| **20-30** | 1 |
| **31-40** | 38 |
| **41-50** | 18 |
| **51-60** | 14 |

### 4.Мисија и визија

**МИСИЈА**

Училиштето  предводи и поттикнува промени кои се патоказ за креативна, здрава и образовна личност.

**ВИЗИЈА**

Со усовршување на професионалниот развој на вработените, училиштето ќе ги подготвува учениците  да бидат во чекор со новото време, каде со примена на информатичката технологија учениците ќе  може да одговарат на новите предизвици кои ги очекуваат, ќе создадеме училиште кое ќе биде отворено за меѓусебна соработка меѓу учениците, родителите, наставниците, локалната средина и пошироко.

## 5.Настава

Во ООУ„Гоце Делчев” Горно Лисиче“ наставата во ова полугодие ја следеа вкупно **698 ученици** и наставата се изведува во две смени и на два наставни јазици:Во централното на македонски наставен јазик од I-IX одделение и на албански наставен јазик од I – V одделение во комбинирани паралелки и во подрачното на македонски наставен јазик од I-IX одделение.

**<u>Во централното училиште</u>** во ова полугодие на наставата имаме вкупно **510 ученици** :

- на македонски наставен јазик вкупно 466 ученици и 44 на албански наставен јазик
- -од I – V одд. 276 ученици на македонски наставен јазик
- -од VI – IX одд. 190 ученици на македонски наставен јазик
- -од I – V одд. 44 ученици на албански наставен јазик
- на албански наставен јазик наставата ја следат вкупно **44** ученици од одделенска настава во две комбинирани паралелки:
- I-III одд. – 19 ученици и
- IV-V одд. – 25 ученици

**<u>Во подрачното училиште</u>** наставата се одвива во класични паралелки.

- **во подрачното училиште учат вкупно 188 ученици:**
- -од I – V одд. 101 ученици
- -од VI – IX одд. 87 ученици

Од вкупниот број на ученици, во македонските и во албанските паралелки, направени се вкупно **12.538** изостаноци, од кои оправдани се **12.006** и **532** се неоправдани. Изостаноците во најголем процент се оправдани поради здравствени проблеми поткрепени со лекарски потврди .

Неоправданите се поради отсуството на 2 ученици од ПОУ кои заминааа во странство ,за кои на крајот на годината се организираше одд.испит.

Одделенските раководители и стручните соработници постојано ги следеа отсуствата и превземаа активности: испраќање покани за советување, разговори со родителите и учениците , а согласно Законот за основно образование беше реализирано и советување на родители и ученици и соработка со ДПИ.

Наставата се организираше согласно Календарот за организација и работа на основните училишта ,Планот за одржување на настава во основните и средните училишта за учебната 2020/21год.од МОН ,Алгоритамот за постапување во случај на појава на ученик позитивен на ковид-19 и Интерните протоколи и правилници за работа на училиштето во услови на пандемија.Учениците од I-IIIодд.ја следеа наставата со физичко присуство освен одредени ученици кои со изјава од родител наставата ја следеа на далечина, а учениците од IV-IX одд.ја следеа наставата преку далечинско учење користејки ја платформата Microsoft teams и Националната платформа .

**5.1 Странски јазици кои се изучуваат во училиштето**

Согласно Наставниот план и програма за изучување на втор странски јазик за учениците од VI одд. и одговорените Анкетните прашалници за ученици/родители учениците ги изучуваа следните јазици:

| Странски јазик | Број на ученици | Број на паралелки |
|---|---|---|
| **1.Англиски јазик** | **698** | **I-IX - 30 паралелки** |
| **2.Француски јазик** | **226** | **VI-IX 10 паралелки** |
| **3.Германски јазик** | **49** | **VI - 3 паралелки** |

За 2 ученици од 9 одд.се организираше Одделенски испит по германски јазик.

**5.2 Изборна настава**

Според Наставниот план за деветгодишно основно образование од понудените изборни предмети по спроведената анкета до родителите и учениците во нашето училиште во текот на учебната 2020/2021 година се изучуваа следните предмети:

| Одд | Изборен предмет | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | Неоц. | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **VI 1** | Класична култура во европска цилилизација | **9** | **2** | **14** | **/** | **/** | **/** | **3.80** |
| **VI 2** | Класична култура во европска цилилизација | **7** | **4** | **9** | **7** | **/** | **/** | **3.40** |
| **VI 3** | Етика на религии | **15** | **7** | **3** | **/** | **/** | **/** | **4.48** |
| **VII 1** | Проекти од ликовна уметност | 17 | 2 | 1 | 1 | / | / | **4.57** |
| **VII 2** | Проекти од ликовна уметност | 19 | 2 | 3 | 1 | / | / | **4.56** |
| **VII 3** | Проекти од ликовна уметност | 16 | / | 4 | / | / | / | **4.60** |
| **VIII 1** | Техничко образование | 29 | / | / | / | / | / | **5.00** |
| **VIII 2** | Техничко образование | 26 | / | / | / | / | / | **5.00** |
| **VIII 3** | Техничко образование | 17 | / | / | / | / | / | **5.00** |
| **IX 1** | Вештини за живеење | 18 | / | / | / | / | / | **5.00** |
| **IX 2** | Вештини за живеење | 19 | / | / | / | / | / | **5.00** |
| **IX 3** | Проекти од ликовна уметност | 21 | 1 | 3 | / | / | / | **4.72** |

## 5.3 Дополнителна настава

Дополнителната настава се организираше во текот на целата учебна година , паралелно со редовната настава, пред или по часовите за учениците од I-IX одд.

Дополнителната настава и оваа учебна 2020/2021 год.се организира за учениците кои се соочуваат со повремени тешкотии во учењето или заостануваат во усвојувањето на наставните содржини од еден или повеќе наставни предмети,по барање на ученикот,неговиот родител т.е старател или по проценка на наставникот.
Содржините за дополнителната настава и начинот на работа,главно се специфични за секој ученик.

Во одделенска настава се одржаа вкупно **474** дополнителни часови по следниве предмети:- македонски јазик, математика,албански,природни науки и општество.

Во предметна настава се одржани вкупно **275** часа дополнителна настава по следните предмети:- македонски јазик, хемија, природни науки,математика, физика, француски, англиски, биологија, историја и географија.

## 5.4 Додатна настава

Додатната настава се организира за ученици кои во текот на редовната настава постигнуваат надпросечни резултати и кои покажуваат поголем интерес за проширување на стекнатите знаења. И овој вид на настава се организира во слободното време на учениците според одредени програмски содржини и во зависност од кадровските и други услови во училиштето.Идентификацијата и избирањето на учениците и нивното вклучување во додатната настава е од посебна важност, бидејќи со нивната правилна идентификуваност, поуспешно се планираат и реализираат наставните содржини кои ќе треба да се реализираат со учениците.Во оваа настава до израз доаѓа индивидуалната работа на учениците, работата во мали групи, истражувачката активност, работата врз определени проекти .

Оваа настава се реализира со учениците кои во редовната настава покажуваат повисоки знаења. Одржани се вкупно **419** часа во одделенска настава и **222** часа во предметна настава и тоа по следните предмети: математика, хемија, географија, историја, македонски јазик, етика во религии,англиски јазик, биологија,природни науки,ликовно,музичко .

Наставниците согласно Упатството за водење на евиденцијата за додатна,дополнителна настава од БРО уредно и навремено ја водеја целокупната документација .

## 5.5 Работа со надарени и талентирани ученици

Надарените и талентираните ученици се ученици кои имаат развиено една или повеќе способности на ниво кое ги надминува способностите на нивните врсници.Надареноста по правило се однесува на високите постигнувања во областа на природните науки ,математика и јазиците а додека пак телентираноста по правило се однесува на постигнувања во областа на уметноста,ликовното изразување,музика,дизајн,спорт и др.

Подрачја на работа со овие ученици се следниве :
1.Идентификација на надарените ученици / идентификација на типот на надареност-тестирање на учениците
2.Разговор со учениците и родителите
3.Вклучување на учениците во додатна настава ,секции и вонаставни активности
4.Следење и евиденција на постигнувањата на учениците (редовна настава,натпревари,конкурси и др.)
Со овие ученици работи одд/предметниот наставник ,стручниот работник-психолог.

## 5.6 Работа со ученици со посебни потреби

Во нашето училиште се опфатени 9 ученици со ПОП.За учениците со посебни образовни потреби задолжителните и изборните предмети се реализираат со прилагодените програми според нивните посебни образовни потреби ( ИОП) а за 2 ученици се изготвува ИОП само за предметите : македонски и математика.
Членови на Инклузивниот тим се : Директор Бистрица Станковска,педагог Силвана Матиловска,Специјален едукатор Снежана Миленкова, психолог Елена Спасовска наставници на паралелки во кои има ученици со ПОП и родители на учениците.
Инклузивниот тим работи како и досега според однапред изготвена програма .Членовите на тимот даваат помош и поддршка на наставниците и родителите и го следат напредокот на учениците и по потреба развиваат соработка со други надлежни стручни институции (Завод за ментално здравје на деца и младинци, МКФ, Меѓуопштински Центар за социјална работа, Центар за слух и говор, детски педијатар, неуропсихијатар и сл.)

## 5.7 Работата на образовниот медијатор

Согласно член 37 од Законот за основно образование ,училиштето за потребите на учениците роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства или се подолго време надвор од образовниот систем поднесе Барање за ангажирање на образовен медијатор до МОН.Како образовен медијатор за нашето училиште е доделено лицето Сенад Усеин .

Образовниот медијатор во текот на целата учебна година превзеде активности за подобрување на информираноста и можностите и пристапот до училиштата ,спроведе низа на средби со родителите и наставниците презвема активности за мотивирање и потикнување на учениците со цел намалување на напуштањето на образовниот процес од страна на учениците согласно Програмата за работа на образовниот медијатор за учебната 2020/21 год.

За целокупната работа образовниот медијатор до училиштето доставува месечен извештај за својата работа.

Активностите во текот на учебната година конкретно се однесуваа на соработка со ученици и родители кои беа нередовни на наставата ,конретно во месец мај активноста на медијаторот се однесуваше околу уписите на првачињата за учебната 2021/22 год.,теренски посети во домовите и помош околу прибирањето на потребната документација за децата.
Одговорни лица кои ја следеа работата се:Директорот,стручните соработници,надлежни раководители од МОН.

## 5.8 Туторска поддршка на учениците

Во учебната 2020/21 год училиштето побара туторска поддршка за учениците согласно член 36 од ЗОО,каде МОН обезбедува дополнителна поддршка за учениците по оддредени предмети според наставниот план и програма по претходна добиена согласност од родителот/старателот на ученикот со кој ќе работи тутор-волонтер согласно Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основно образование утврдена од Министерот.
МОН обезбеди туторска подршка за нашето училиште и учениците ги користеа услугите на туторите по предметите: географија,математика,природни науки ,биологија и истите беа од голема корист за подобрување на успехот во учењето.

# 6.Вонучилишни активности

## 6.1 Училиштни спортски клубови

Училишниот спортски клуб „УСК Гоце Делчев''-2014 е основан во 2014 год.од страна на предметните наставници по ФЗО,согласно Законот за здруженија и фондации и Законот за спорт со цел развивање и унапредување на сите форми на спортски активности на сите учениците во училиштето.

Одговорни за неговото функционирање се предметните наставници по ФЗО: Драган Соколов,Александар Кузмановски,и одделенските наставници Лилјана Анчевска ,Тања Јовановска и Сузана Павловска.Претседател на Спортскиот клуб Гоце Делчев е наставникот по физичко образование Александар Кузмановски.

На почетокот на учебната 2020/21 год.преку Анкетни прашалници на учениците им беа понудени видовите на спортови (фудбал,ракомет,кошарка,футсал,одбојка (женски) ,бадминтон (женски и машки) кои ќе се вежбаат во Училишниот клуб и самите ученици одлучија каде да се вклучат но поради настанатата ситуација со пандемијата активностите на УК за оваа учебна година не се реализираа во целост.

За потребите на наставата по ФЗО се постави нова гумена подлога на спортското игралиште во ООУ „Гоце Делчев“ во Горно Лисиче ,со што се обезбедува подобри услови за спорт и рекреација за учениците од училиштето.

## 6.2 Секции/Клубови

Наставните и воннаставните активности претставуваат нераскинлива целина во воспитнообразовниот процес што ги создаваат потребните предуслови ученикот да се развие во отворена, самостојна, креативна и карактерна личност.

Училиштето согласно новата Концепција за вонннаставни активности од БРО планираше и организираше разновидни воннаставни активности –секции кои се подолготрајни активности и се реализираат 1 неделно во текот на целата година Училиштето се водеше во организацијата на секциите и според дадените Упатства за реализирање на секции и клубови преку настава на далечина од БРО.Беа реализирани следниве секции: бон тон,ритничка,ликовна,рачна работа,и др.на ново на одделенска настава и драмска ,пејачка ,географска,литературна на ниво на предметна настава.

## 6.3 Акции

Училиштето согласно Концепцијата за вонннаставни активности за учебната 2020/21 год. планираше низа на акции :еколошки,хуманитарни,базари и хепенинзи и др.Но поради ситуацијата во пандемијата истите се откажани.
Согласно програмата на ден 28.12.2020 год.(понеделник) се организираше хуманитарна акции за собирање на храна и новогодишни пакетчиња по иницијатива на Директорот и учениците од Ученичкиот парламент собраната храна се додели на наши ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.

Во периодот од 19-25.04.2021 год.во соработка цо Црвениот крст на Кисела Вода под мотото „Вашиот прилог-значајна помош‘‘ се одбележа традиционалната Недела на солидарност чија цел е преку имплементација на хуманитарни активности да се се подигне свеста на населението во потребата на меѓусебната помош и поддршка за ранливото население.Нашето училиште придонесе со собирна акција на пакети со прехрамбени производи.Дел од пакетите се доделија и на наши ученици.

Во текот на учебната година со учениците од I-III одд.и во соработка со Општината Аеродром,и вработените од училиштето успешно се засадија и се уредија хортикултурно низа на парцели од школскиот двор кои ја разубавија околината и условите за престојот на децата.

## 7. Ученичко организирање и учество

Ученичкото организирање служи за да се овозможи активно учество на учениците во застапувањето,промовирањето на нивните права и интереси преку демократско учество во донесувањето на одлуки во однос на прашања кои се од нивен непосреден интерес.

Учениците преку нивните тела учествуваат во донесувањето на одлуки ,согласно член 68 од ЗОО училиштето овозможи организирање на сите ученици во Училишна заедница ,за кое учениците имаат свое право да се организираат во заедница на паралелки и Ученички парламент.

Заедницата на паралелка ја сочинуваат сите ученици кои на демократски начин избрале претседател кои ке ги преставува во Ученичкиот парламент.Ученичкиот парламент го сочинуваат сите претседатели на паралелката.Претседателот на Ученичкиот парламент се избра со мнозинство гласови од вкупниот број на преставници од претседателите по пат на тајно гласање.За оваа учебна година претседател на Ученичкиот парламент е ученичката Мирјана Дамјанова од VIII 2 одд.

Ученичкиот правобранител се грижеше за заштитата и унапредување на правата на учениците во училиштето заедно со Тимот за подршка на правонранителот.Ученичкиот правобранител се избра со мнозинство гласови од учениците од VII-IX одд.по пат на тајно гласање а тоа е ученичката Ангела Нешовска од IX 1 одд.а заменик е ученикот од VI 3 одд.Марко Ацковски. Во текот на учебната година се реализираа низа на работилници на тема Стоп за дискриминација,се одбележа Меѓународниот ден на човекови права , предавање на темата Конвенцијата за правата на децата и др.

На ученичкиот правобранител за своето залагање се додели сертификат од училиштето.

## 8.Вонnаставни активности

### 8.1 Екскурзии,излети и настава во природа

Училишните екскурзии им овозможуваат на учениците да ги прошират своите знаења, откривање и истражување на културно – историски локалитети, природни реткости и убавини на нашата татковина.Училиштето поради настанатата ситуација со пандемијата не ги реализираше излетите и екскурзиите што ги планираше за учебната 2020/21 год.

## 9.Натпревари за учениците

Натпреварите се организираат за ученици кои покажуваат особен успех по одделени наставни предмети ,со цел да се вреднуваат и да се рангираат знаењето,умеењето, вештините ,способноста на учениците по одделни наставни предмети(математика, ликовно, македонски, физика, хемија, биологија, природни науки, англиски , француски јазик , и др.) Како и учество на низа на конкурси,литературни и ликовни творења и др.

## 10.Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Директорот на училиштето формирашеТим за училишна интеграција во следниот состав:ДиректорБистрица Станковска,наставник Мара Кристо,Силвана Матиловска педагог, наставник Сузана Павловска,претседател на Ученичкиот парламент Мирјана Дамјанова. При формирањето на Тимот се водеше сметка и за застапеноста на наставниците од сите јазици на кој се реализира наставата.
Тимот за училишна интеграција училиштето повторно аплицираше за добивање на Грант за унапредување на активностите за меѓуетничката интеграција на учениците од страна на МОН во

вредност од 30.000 ден.и добиениот грант го искористи за набавка на лап топ кој истиот се искористи за работата со учениците.

Согласно акцискиот план за учебната година се преку Microsoft teams се релизираа следниве активности:

- Здрава храна со учениците,наставниците и родителите од активот на III одд.
- Ликовна еко работилница со учениците,наставниците,родителите од активот на прво одд.која се однесуваше на реупотрена на материјалите и дацата заедно со родителите изработија кукли.
- Активности по повод одбележување на Денот на планетата земја 22 април ,преку еко презентација ,изработка на макети на планетата земја ,цртежи и пораки за зачувување на животната средина.
- Активности по повод одбележување на празниците Велигден (шарање на јајца со декупаж техника ) презентација за обичаите кои се практикуваа за празникот и одбележување на празникот Бајрам преку подготовка на традиционална сукана баклава и запознавање со обичаите во празнувањето на празникот кај учениците од муслиманска припадност.

## 11.Проекти што се реализираат во основното училиште

**-Активности за потикнување на Меѓуетничка интеграција во образовниот систем“**
Училиштето ги реализираше активностите планирани со добиениот грант од МОН за учебната 2020/21 год.Поради состојбата со Ковид-19 активностите беа реализирани online преку платформата Microsoft teeams.Добиените средства за реализација на активносите беа пренаменети и училиштето набави лап топ кој ќе биде за потребите на наставниците и учениците. Согласно акцискиот план за учебната година се преку Microsoft teams се релизираа следниве активности:Здрава храна со учениците,наставниците и родителите од активот на III одд.
Ликовна еко работилница со учениците,наставниците,родителите од активот на прво одд.која се однесуваше на реупотрена на материјалите и дацата заедно со родителите изработија кукли.
Активности по повод одбележување на Денот на планетата земја 22 април ,преку еко презентација ,изработка на макети на планетата земја ,цртежи и пораки за зачувување на животната средина.
Активности по повод одбележување на празниците Велигден (шарање на јајца со декупаж техника ) презентација за обичаите кои се практикуваа за празникот и одбележување на празникот Бајрам преку подготовка на традиционална сукана баклава и запознавање со обичаите во празнувањето на празникот кај учениците од муслиманска припадност.

### -**ПроектЕразмус +**

Проектот Еразмус +е акроним од “European Community Action Scheme for theMobility of University Students”,а програмата се дефинира како програма која нуди различни можности за образование, обука, настава, меѓународна соработка и развој на меѓународни проекти и иницијативи. Целта на програмата е да промовира меѓународна соработка на образовни институции, наставници, ученици и да ја зголеми соработката помеѓу различните организации.Од учебната 2019/20 год. нашето училиште формираше два тима со по 7 членови, со цел вклучување во Еразмус проекти. Училиштето беше регистрирано во организацијата за активности организирани од Националната Агенција, а секој од наставниците направи свој профил на Е- твининг платформата.

Краток преглед на активностите од проектот:
**ERASMUS + „TOGETHER WITH ARTS“ 2020 – 2022**

Во периодот од 1.9.2020 до 31.8.2022, во ООУ „Гоце Делчев“ – Аеродром, се работи на Erasmus + проектот „Together with arts“, или „Заедно во уметноста“, во партнерство со Полска како координатор на проектот, Португалија и Бугарија.

Цели на проектот се:

- Да се изгради врска и толеранција помеѓу нациите и интеркултурната интеграција.
- Да се истакнат подзаборавените занаети и уметности во период од V до XV век, опфаќајќи ја ренесансата, па се до XVIII  век.
- Да се опфати средновековната уметност преку скулптурите, архитектурата, со акцент на калиграфијата и везењето како уметности со карактеристики во секоја од партнерските земји, опишувајќи ги орнаментите и изразувајќи ги преку изработки на разни ракописи, везови, уметност на керамички садови, сликање, книги, истакнувајќи висок профил на личности.

Начин на реализација:

- Колаборативна работа на eTwinning платформа
- Учество во професионални работилници за уметност, занаети, фолкор, музика, танц, за време на мобилните размени
- Креирање PPT презентации за уметноста и фолклорните облеки
- Организирање Erasmus + отворени денови со дисеминации
- Организирање уметнички изложби во училиште
- Прикажување на планот на активности
- Еколошки практики
- Стекнување знаење за уметноста, средновековието, заедничките и автентичните уметности на партнер земјите
- Комуникациски активности (eTwinning chatt сесии и видео конференции)
- Развивање мануелни креативни способности и уметност во пишувањето
- Културолошки излети и средби со уметници
- Евалуација на проектот

Крајни конкретни цели и исходи:

- TwinSpace на eTwinning платформа
- Erasmus corner во училиште
- 12 лекции за Европската уметност истакнати во прирачник
- 1 заедничка брошура со сите техники „Do it yourself“ или „Направи сам“
- 6 брошури со заедничка и автентична уметност
- Училишни изложби со изработената креативна уметност
- PPT презентација во врска училишните активности

Реализирани активности во учебна 2020/2021 година:

- Презентација на проектот преку усно запознавање на наставниците – септември 2020
- Конкурс за избор на ученици во проектот – октомври 2020
- Креирање на лого на проектот – октомври, ноември и декември 2020
- Избор на лого на проектот – јануари 2021
- Изработка на Новогодишни честитки – декември 2020
- Презентација за Средновековна уметност во Македонија – ноември, декември 2020, јануари 2021
- Изработка на честитки и декорации за Велигден – февруари, март, април 2021
- Вежби за калиграфија – април 2021
- Чат сесија на eTwinning – TwinSpace, - април 2021
- Изработка на Erasmus + банер за Erasmus corner како задача на проектот, мај 2021
- Прва виртуелна размена во Полска – 21.4.2021 – 23.4.2021

- Финални активности (заедничка уметност помеѓу партнерските земји во тек, извештај на страницата на Европската комисија во тек, изложување на уметничките изработки во тек)

Координатор на проектот : Марија Андонова - наставник

### -Проект – „Општина Аеродром‘‘-Пионер во практикување на детското учество‘‘

Во месец мај,Првата детска амбасада во светот Меѓаши,во соработка со Општина Аеродром,започна истражување во рамките на проектот „Општина Аеродром-Пионер во практикување на детското учество“.Во рамки на ова истражување,учествува и нашето училиште со четири ученици,по еден претставник од V,VI,VII и VIII одделение.

Децата-истражувачи,активно ќе учествуваат во секој дел од истражувањето,преку работилници за правата на децата,изработка на листа на прашања (прашалник),спроведување на прашалникот со други деца од општината,пишување на извештај за одговорите кои ги дале децата,се до промовирање на извештајот до советниците на Општина Аеродром и пошироката јавност.

Целта на истражувањето е да се видат проблемите со кои се соочуваат децата и работите за кои тие сметаат дека треба да се подобрат во Општината.Проектоте е во тек и ќе тече во текот на летниот период и понатаму.

Лице координатор од училиштето е специјален едукатор и рехабилитатор,Снежана Миленкова.

### -Проект „ВЕЛО УЧИЛИШТЕ‘‘

Од февруари оваа учебна година во нашето училиште започна со реализација и програмата „Вело училишта“

Таа има за цел да го промовира велосипедизмот како здрав, безбеден и алтернативен начин на превоз на учениците.Се организираат активности на неделно ниво- како што се: историја на велосипедот, делови на ова омилено детско превозно средство, потребна заштитна опрема и соодветна облека,проверка на исправноста на велосипедот, рачни сигнали итн.

Сите активности се реализираат преку интересни едукативни методи- презентации, боенки, игри на меморија , квизови, практични вежби итн.

Поттикнати од ентузијазмот што го нуди оваа програма во рамките на воннаставните активности и ние наставниците организиравме вело полигон на кој земаа учество учениците од 1-3 одд. Оваа програма претставува едно освежување во воспитно-образовниот процес и се надеваме дека истата ќе ја подигне свеста на учениците, родителите, наставниците и целокупната заедница за придобивките од користењето на велосипедот како алтернативно превозно средство.

## <u>Интерни проекти во училиштето</u>

### -Проект ,,Топол дом за птици од вашите непотребни штици"

Во периодот од 1-15.2. 2021 год. во училиштето ООУ „Гоце Делчев“ Општина Аеродром се реализираше интерен училиштен проект со наслов ,,Топол дом за птици од вашите непотребни штици" под раководство на одделенски наставник Тајна Јовановска.
Проектот беше спроведен во рамките на одделенска настава.

Главната идеја беше како да им се помогне на птиците во студените денови како и подигање на свеста кај учениците за заштита на живиот свет.

Специфични цели беа: Подобрување на семејните односи и вклучување на родителите во воспитно образовниот живот како и збогатување на креативноста на учениците за употреба на природни материјали;

Одговорниот наставник најпрво пушти онлајн анкета на која одговорија вкупно 83 ученици од одделенска настава. Секој одделенски раководител анкетата ја спроведе на 3 до 5 ученици во

своето одделение. Се направи анализа на добиените податоци според кои се утврди потребата од реализација на проектот. Потоа следеше известување на учениците и вработените за активностите и фазите на проектот:

1. Одржување семејна работилница за изработка на куќичка за птици
2. Соработка на родителите со одделенскиот раководител
3. Пополнување електронска апликација
4. Избор на 3 најдобри куќички за птици кои ќе бидат наградени (3 во Горно Лисиче, 3 во Долно Лисиче и 3 за учениците кои учат на албански јазик)

Беа направени вкупно 89 куќички, 27 во подрачното и 62 во централното училиште. Куќичките за птици беа донесени до 12 февруари во училиштето, комисијата направи избор на најдобрите и на ден 16.2.2021 година беа доделени наградите за најдобрите куќички и благодарници за учеството на сите ученици.

-**Проект „Реупотреба на стари гуми"**

Во периодот од 1 до 20 април 2021 година во училиштето ООУ „Гоце Делчев“ Општина Аеродром се реализираше интерен училиштен проект со наслов ,, ,,Реупотреба на стари гуми" " под раководство на одделенски наставник Тања Стојкоска. Проектот беше спроведен во рамките на одделенска настава. Главната идеја беше да се учествува во хортикултурното уредување на училишниот двор и да се разубави и да се развесели истиот. Специфични цели беа: да се запознаат со поимот раеупотреба , да ја искажат креативноста на учениците за употреба на материјали кои се веќе употребувани и вклучување на родителите во воспитно образовниот живот.

Фазите на проектот:

1. Одржување семејна работилница за изработка на разни предмети од стари гуми
2. Соработка на родителите со одделенскиот раководител
3.Поставување на изработките во училишниот двор и засадување на цвеќиња.

Беа направени вкупно 21 изработка , 7 во подрачното и 14 во централното училиште.

**-Проектна активност „Направи добро дело„ I-2 одд**.

По повод Меѓународниот ден добрината ,17 февруари, во I-2 одд**.**организираше проектна активност. Проектот траеше од 17 до 27.2.2021 година. Наставниците во својата група ги известија учениците и родителите за проектот што следи. Секој ученик имаше задача да направи добро дело, хумано дело кое ќе биде насочено кон родителите, баба, дедо, миленичe или некоја хуманитарна организација. Родителите беа во постојана соработка со одделенските наставници. Во дадениот период кој што беше назначен за реализација на проектот родителите ги фотографираа своите деца како го прават доброто дело. Направените фотографии ги испраќаа на одговорните наставници. Фотографиите беа поткрепени и со кратки видеа каде учениците кажуваа какво добро дело направиле, како и со цртежи каде го цртаат делото. Проектната активност е интегрирана на часовите по македонски јазик, општество и ликовно образование.

## 12.Поддршка на учениците

## 12.1 Постигнување на учениците

Училиштето е место каде што учениците се стекнуваат со воспитание и образование и како образовна институција треба да им пружи поддршка во нивниот развој и во стекнување на знаења.Учениците во текот на своето образование наидуваат на потешкотии од различен вид, кои можат да бидат предизвикани од нивната емоционална, социјална, културна и ментална состојба ,особено беше важна и поддршката на учениците во наставата на далечина во услови на пандемија.

Во нашето училиште ученикот е главен субјект при реализација на воспитно образовниот процес.Во таа насока училиштето ги превзена сите потребни активности за да на сите ученици им овозможи подобри услови и можности за постигнување на солидни образовни резултати.

Училиштето води целосна и уредна евиденција за постигањата на учениците со податоци за напредокот на истите добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците по наставни предмети.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали врз основа на индивидуални евиденции за учениците.

Тие извештаи се доставуваат кај стручната служба и раководниот кадар на училиштето кои ги обработуваат, сумираат, ги презентираат на Наставнички совет. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

Во оваа учебна 2020/21 год. од вкупниот број на ученици :

- **238** ученици од I-III одд.се описно оценети
- **460** ученици се бројчано оценети (IV-IX)

Најдобра паралела од (IV-V одд) е IV -1 одд.4.83

Во предметна настава (VI-IX) е паралелката VII 3 одд.е со највисок среден успех е 4.51 .

**Средниот успех на ниво на училиште во учебната 2020/21 год е 4.30**

За оваа учебна година како Првенец на генерација 2012-2021 год.е прогласена ученичката Јана Давидовска од IX 3 одд.а за пофалени ученички се Михаела Стојановска и Анастасија Богоевска од IX 3 одд.

За ученикот првенец е доделена диплома за ученик првенец на генерација и прикладна награда од Општина Аеродром а за пофалените, ваучери.

Наставничкиот совет додели и пофалници за најдобри ученици на ниво на останатите паралелки од I-VIII одд.

За ученикот првенец е доделена прикладна награда од Општина Аеродром а за пофалените, ваучери .

## 12.2 Професионална ориентација на учениците

Тимот за професионална ориентација на учениците се состои од сл.членови: Директор Бистрица Станковска, педагог Силвана Матиловска, психолог Елена Спасовска, спец.едукатор Снежана Миленкова и класни раководители на ученици од IXодд: Магдалена И.Трајковска, Дејан Дамјановски и Марија Андонова.

Согласно програмата за Професионална ориентација за учениците се реализираа низа на активности како:испитување на професионалните способности и интереси кај учениците од IX одд.од страна на психологот на училиштето,соработка со класните раководители и учениците во врска со Конкурсот за упис во средните училишта за учебната 2021/22 год.запознање со мрежата на училишта и условите за запишување.

Стручните соработници и преставниците од средните училишта на ниво на Град Скопје остварија низа на средби преку Microsoft teams на кои ги запознаа учениците со струките,условите за запишување,подршка во изборот на идното занимање и др.дискусии и прашања.

Стручните соработници индивидуално пристапија и кон оние ученици кои се двоумеја во изборот и дадоа совети и помош на учениците во донесување на конечната одлука во изборот на идното средно училиште.

На учениците им беше презентирано и предавањето на тема„ Како до полесен избор на идното занимање“.

Согласно Програмата се вклучија и родителите преку родителските состаноци,и на истите им беше презентирамо предавањето за родители „Улогата на родителот во изборот на професијата на своите деца“

### 12.3 Промоција на добросостојбата на учениците,заштита од насилство , злоупотреба и запуштање ,спречување на дискриминација.

Со цел училиштето да создаде безбедна и стимулативна средина ги ангажира постојните ресурси и ги вклучува сите учесници во воспитно-образовниот процес во превенција и заштита на децата низ наставните и воннаставните активности.

Училиштето планираше и реализираше низа на превентивни програми и работилници кои се планирани и во соработка со Ученичкиот парламент. Зачувување на менталното здравје во услови на пандемија беше особено важно за сите субјекти во училиштето и родителите на учениците.

Исто така се планирани и реализирани активности кои се однесуваат на антикорупциска едукација на учениците како презентации за запознавање со основните поими за корупција и антикорупција на часовите по граѓанско образование општество ,на часовите за образование на животни вештини,изработка на постери,писмени состави и есеј и др.

Стручните соработници за родителите и учениците кои ќе се најдат во стресни и кризни ситуации за време на online наставата нудеа подршка и помош на емаил адресата: **oousovetuvanje@gmail.com**

Учениците кои имаа потреба за разговор и советување во согласност со родителите беа одржани средби со учениците почитувајќи ги протоколите за заштита од ковид-19.

За одржување на безбедноста во училиштето, продолжи да функционира физичкото обезбедување и поставениот видео надзор, а во ходниците се изведува дежурство од страна на наставници и техничкиот персонал.

На ден 26.05.2021 год.(среда) на Microsoft Teams се одржа информативно – едукативно предавање на тема Дигитално насилство – сајбербулинг на учениците и наставниците од 7-9 одд. во рамките на проектот „Играта на зборови може да повреди“ финансиски поддржан од Фондот за развој и проекти на Црвен крст на Република Северна Македонија, во соработка со одделението за превенција при СВР Скопје.

Работилница на тема Стоп на дискриминацијата во рамките на заедничките активности на Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител од страна на психологот Елена Спасовска на ден 25.02.2021 год.

Работилници во 2 дела за Запознавање со Конвенцијата на правата на децата во рамките на заедничките активности на Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител од страна на педагогот Силвана Матиловска и дефектологот Снежана Миленкова.(Првиот дел на ден 20.04.2021 год. и вториот дел на ден 7.06.2021 год.)

## 13.Оценување

### 13.1 Видови на оценување

Постигнувањата на учениците во основното училиште се оценува описно и бројчано. Во првиот период (I –III) одделение постигањето на учениците во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценува описно.
Во вториот период (IV –VI) одд. постигањето на учениците во текот на учебната година по задолжителните и изборните предмети се оценува описно за I тримесечје,полугодие ,III тримесечје а за крајот на годината добиваат свидетелство со бројчани оценки
Во третиот период од (VII – IX) одделение постигањето на учениците во текот на учебната година по задолжителните и изборните предмети се оценуваат бројчано.

Секој наставник изготвува План за писмено оценување на учениците од (II – IX) одделение во своите тематски и процесни планирања и истото го запишува во дневникот на паралелката, имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу едно, а седмично по две писмени работи).

Формативното оценување трае континуирано во текот на целата учебна година каде се следи напредокот на ученички знаења и се даваат повратни информации за истиот, а сумативното оценување се реализира на крај на квалификационите периоди во текот на учебната година(прво и второ тримесечие ,крај на прво полугодие и крај на учебната година)

Училиштето врши следење, анализа и поддршка на квалитетното оценување. За таа цел се следи, споредува и анализира успехот на учениците по класификациони периоди, по учебни години, по одделни предмети. Потоа, се следи и начинот на оценување на наставниците, посебно наставниците почетници и се нуди поддршка на истите.

Директорот и стручните соработници го следат оценувањето на учениците и преку оперативниот план се планираат низа активности:откривање на причините за послабиот успех кај одредени ученици,подобрување на комуникацијата меѓу наставниците и ученикот,намалување на стресните ситуации преку разговор,потикнување на тимската работа меѓу учениците и меѓуврсничко помагање, редовно следење на дополнителната настава, советодавна подршка и мотивација и др. како и мотивација и потикнување за учество на натпревари и конкурси за учениците кои постигнуваат солидни постигнувања.

Директорот формираше Комисии за полагање на одд.испити и организираше испити за учениците кои беа подолго отсутни од настава 2 од ПОУ се организираше одд.испит,за учениците кои полагаа германски јазик од 9 одд. и за учениците од албанската паралелка 5 одд.поради подолгото отсуство на наставникот по природни науки се организираше одд.испит . Оценувањето се реализираше и согласно Упатствата за наставници за начинот на оценување на учениците во периодот на реализацијата на наставата на далечина од БРО.Сите 698 ученици се оценети.

## 13.2 Тим за следење , анализа и поддршка

Тимот за следење ,анализа и поддршка води сметка дали оценувањето на учениците е согласно Критериумите и стандардите за оценување од страна на БРО и Законот за основно образование.Се следи дали секој наставник изготвува План за писмено оценување на учениците од (II – IX) одделение во своите тематски и процесни планирања и истото го запишува во дневникот на паралелката, имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу едно, а седмично по две писмени работи) и дали се придржува согласно планираното.

Одд.наставник /раководителот на паралелката е должен да ги извести родителите/старателите за успехот на детето најмалку 2 пати во секое полугодие т.е на родителски состаноци најдоцна три дена по завршувањето на одд.совети за утврдување на успехот и поведението на учениците за прво тримесечје,прво полугодие,трето тримесечје,и на крајот на наставната година. Родителите /старателите ќе бидат информирани за законските одредби од членот 143 а се однесува на правото на приговор за годишните оценки .

Сите родители/старатели навремено на родителските средби беа известени за полугодишните и за годишните оценки преку доставување на евидентниот лист на емаил адреса и преку увид во е - дневникот на паралелката .

## 13.3 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-обрзазовниот кадар

Најпрво следењето на квалитетот на работата започнува со проверка на квалитетот на Програмите на наставниците согласно критериумите реализирано од страна на Комисија за проверка на годишните програми на наставниците формирана од страна на директорот која направи проверка на ГП и за истите подготви Записник .

Посетата на часови од страна на Директорот се одвиваше и за време на наставата со далечинско учење со претходно известување на наставниците и се даваше повратна информација во форма на извештај на Одд./Наставничките совети ,и се доставува извештај до Општина, ДПИ, МОН.

## 14. Самоевалуација на училиштето

Активностите за изработка на Извештајот за Самоевалуација на училиштето започнаа во 2020/21 год.Таа ќе биде спроведена според индикаторите за мерење на квалитет на работата на училиштата, креирани од Државен просветен инспекторат.
Со самоевалуацијата ќе раководи училишна Комисија составена од психолог, педагог,специјален едукатор, наставници,и родител Мери Глигорова.
Реализатори на самоевалуацијата ќе бидат седум Тимови на наставници од одделенска и предметна настава кои ќе работат на следниве подрачја: Наставни планови и програми Постигнувања на учениците Учење и настава ,Поддршка на учениците, Училишна клима и односи во училиштето,Ресурси,Управување ,раководење и креирање на политики.

Тимовите ги запознаа своите членови со новиот Правилник за изработка на самоевалуацијата и се зададоа првите задолженија за првиот период од активностите.
Извештајот од спроведената самоевалуација ќе биде доставен до сите надлежни субјекти на крајот на 2 -та учебна година.

## 15.Безбедност во училиштето

Училиштето располага со интерен План за заштита и спасување при настанување на елементарни непогоди.
Во планот се опфатени сите ресурси со кои располага училиштето за заштита и мерките кои би се превземале за избегнување или намалување на несаканите последици во случај на елементарни непогоди:земјотрес,поплава,пожар,невреме,исл**.** Поставени се ПП апарати на видно место и се обучени наставници и вработени за употреба на истите и истите редовно се сервисираат.
Училиштето има План за евакуација истакнат на видно место во училиштето.За вработените се организираат редовно обуки за безбедност при работа и вежби и симулации за постапувања во случај на елементарни непогоди.
Во училиштето соодветно се означени потенцијално опасните места за учениците и вработените преку видливи ознаки.
За одржување на безбедноста во училиштето,продолжи да функционира физичкото обезбедување и поставениот видео надзор, а во ходниците ќе се изведува дежурство од страна на наставници.
За учениците од I-III одд.се реализираа низа на предавања за заштита од вирусот,и хигиената на рацете.
Во училиштето се почитуваше Куќниот ред и интерните правилници и протоколи за однесување на учениците,наставниците и вработените во услови на пандемија на ковид-19.

## 16.Грижа на здравје

## 16.1 Хигиена во училиште

За да се одржи високото ниво на хигиена во училиштето континуирано се употребуваат високо квалитетни хигиенски средства за дезинфекција.
Во однос на начинот на одржување на хигиената во училиштето особено во овие услови се врши:секојдневно чистење на сите простории во училиштето,еднаш во денот се врши темелно чистење на просториите и еднаш во месецот генерално чистење на просториите во училиштето.
За потребите на учениците се набавени хигиенски средства за потребите на подобрата хигиена со цел заштита на здравјето на учениците во услови на пандемија и се истакнати совети и препораки за постапување и однесување на децата.
Наставниците во соработка со родителите редовно водат грижа за развивање навики кај учениците за одржување на личната хигиена преку советувања за лична хигиена , навремено пренесување на препораки од Министерство за здравство и Институтот за Јавно здравје ,Општина Аеродром и др.надлежни институции.

Училиштето врши редовно следење на хигиената преку водење на Чек листи согласно Протоколите за заштита од Вирусот Ковид-19 и останатоте здравствени препораки.

## 16.2 Систематски прегледи

Училиштето соработува со здравствени установи надлежни за здравствена заштита на учениците.

Редовно и навремено се известуваат родителите за систематските прегледи за учениците кои се планираат и реализираат пред или по завршување на часовите, без да се попречува наставата. Беа остварени систематски прегледи само на учениците од II и IX -то одд.но поради настанатата ситуација систематските прегледи се одложени за следната година.

Училиштето повторно соработуваше со амбулантата Лисиче ,поликлиника Јане Сандански,за потврди околу престојните уписи на првачињата за учебната 2021.22 год.како и со др.здарвствени установи во издавањето на потврдите за проверка кај офталмолог.

## 16.3 Вакцинирање

Имунизација (вакцинација) се врши за ученици од одделенска и предметна настава според распоредот за имунизација од Заводот за Јавно здравје. Учениците се предводени од нивните одделенски раководители.Опфатени ученици за вакцинација и имунизација се учениците од I -IX одделение.

Имунизацијата се вршеше во Поликлиника Јане Сандански и според календарот во првото полугодие беа подложни на имунизација само учениците од II и IX одд.(3-6 .11.2020 год) се спроведе ревакцина на ДИТЕи ПОЛИО а за останатите иминузацијата е одложена за следната година.

Во оваа учебна година се реализираше и вакцинација на вработените во училиштето против ковид-19 која и понатаму продолжува во наредниот период.

## 16.4 Едукација за здрава храна-оброк во училиштата

Доставувањето на оброкот/ците на учениците во училиштето за учениците од целодневна настава (I-III одд) се организираше преку јавен тендер на кој се избира најдобрата понуда согласно Критериумите за исхрана на учениците од МОН.

Учениците во училиштето добиваат веќе подготвен оброк кој се сервира во училница согласно сите мерки и протоколи за работа (хигиенски , здравствени и др).Со цел за унапредување на здравјето на учениците училиштето води грижа и за едукација на учениците за здрава храна и за подигнување на свеста за здрава храна и придобивките од истата.
Покрај тоа наставниците на часот на одделенската заедница обработуваат теми за здрава храна. Исто така на редовните часови се обработуваат содржини поврзани со здравиот начин на исхрана и живеење, производството на органска храна и др.
Активноста околу едукација за здрава храна имаше и во рамките на активностите од проектот за меѓуетничка интеграција.

Во истата беа вклучени и ученици од III одд, заедно со нивните родители. Целта на активноста беше учениците да научат повеќе за здравата храна, да умеат да разликуваат здрава од нездрава исхрана и знаењата да ги применуваат во секојдневниот живот. Активноста започна со интерактивна игра – „Што најмногу сакам да јадам, а што не„ продолжи со презентација за здрави намирници, презентација на подготвените рецепти од страна на родителите и учениците и на крај учениците изработија цртежи со здрава храна .

## 17.Училишна клима

### 17.1 Дисциплина

Училиштето водејќи сметка за целосната дисциплина во училиштето а со тоа ја обезбедува и безбедноста на учениците во училиштето. За подобрување на училишната дисциплина во училиштето е донесен Куќен ред кој треба да го почитуваат сите субјекти во училиштето и се изработија и протоколи и правилници за однесување на вработените, учениците и родителите во услови на пандемија од вирусот ковид-19.

### 17.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Естетскиот изглед на училиштето е значајна обврска за целокупниот работен колектив, затоа што училиштето со својата беспрекорна чистота, уредност и ликовно естетски изглед треба позитивно да влијае на учениците. На тој начин се создава пријатна атмосфера и стимулативна средина за учење и работа. Естетското обликување на просториите во училиштето и украсување на училниците, ходниците и училишниот двор е постојана грижа на сите ученици, наставници .

Училишниот простор беше уреден со тематски мотиви за пријатен престој во училиштето за учениците и вработените .Низ училишните холови и во училниците се поставени и едукативни материјали за заштита на учениците од вирусот ковид-19.

Сликовито се преставени материјали за одржување на личната хигиена на децата и начините на носење на заштитната маска.

### 17.3 Етички кодекси

Училиштето  има изработено интерни Кодекси на однесување и во услови на пандемија со кои се запознаени  сите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес  и редовно се потсетуваа на правилата на однесување и нивно почитување и истите се истакнати на видно место во училиштето.

- Должности на воспитно – образовниот кадар
- Правила за должностите и однесувањето на учениците
- Еко кодекс
- Кодекс за однесување во училницата за компјутери
- Кодекс за облекување
- Куќен ред на училиштето
- Куќен ред за користење на спортската сала
- Кодекс за однесување за време на излети,екскурзии
- Правилници и Протоколи за однесување за време на учениците ,родителите и вработените за време на наставата со физичко присуство и наставата на далечинско учење .

### 17.4 Односи меѓу сите структури во училиштето

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него (Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученичкиот парламент , Ученичкиот правобранител,Стручни активи).

Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него. Раководниот тим преку континуирана соработка и коминикација со сите вклучени субјекти во согласност со ЗОО редовно се водат состаноци на чие присуство е задолжително и со закон регулирано на кој се разменуваат мислења и идеи за тековните проблеми и прашања од работата на училиштето.Внатрешната комуникација и меѓучовечките односи меѓу сите структури во училиштето се на задоволително ниво.

Редовно и навремено се одржуваа Одделенските состаноци,состаноци на Наставничкиот совет,УО,Советот на родители и активите преку Microsoft teems апликацијата.

Навремено се одржуваа состаноците на Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител кој е важен сегмент за развојот на демократската училишна клима .

## 18.Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 18.1 Активности за професионален развој

Училиштето формира Тим за професионален развој составен од следниве членови:Директор Бистрица Станковска ,претседатели на активи- Маја Вељиќ ,Лилјана Анчевска ,Магдалена Илиоска Трајковска , Марија Андонова,Адријана С.Андова ,Силвана Матиловска,Снежана Миленкова,Елена Спасовска.

Секој наставник ги согледува и истакнува сопствените цели и селектира активностите кои ќе овозможат реализација на поставените цели.

Училиштето ги мотивира наставниците за посетување семинари и обуки да бидат учесници на конференции, конгреси со свои трудови, пишување на статии во стручна литература .Наставниците посетија бројни е-обуки организирани од БРО-Едуино вебинари со цел зајакнување на дигиталните вештини за работа како и обуки за одржување на часови на Microsoft teams апликацијата,користењето на Националната платформа,креирање на тестови ,анкети др.алатки корисни за наставата на далечина.

На јавниот повик од МОН за избор на наставник –ментор аплицираа: Тања Јовановска и Даница Соколова .Во напредна фаза на изборот премина наставникот Тања Јовановска и училиштето согласно со дописот од Министерството за образование и наука со број 18-1188/20 Тимот за професионален развој даде позитивно мислење на 19.4.2021 год.Согласно одлуката на МОН училиштето ќе има еден наставник –ментор Тања Јовановска.

Наставниците беа дел од низа на обуки организирани од страна на БРО но и др.понудувачи.

Наставниците кои ќе предаваат во I и IV одд.во учебната 2021.22 год.беа на обуки за новата наставна програма согласно новата Концепција за основно образование.

### 18.2 Личен професионален развој

Тимот за професионален развој води особена грижа за планирањето и реализацијата на програмата за професионалното усовршување на наставниците.Подготвување и реализирањето на личниот план за професионален развој на наставникот му овозможува систематско развивање на компетициите што му се потребни,подобрување на воспитно-образовната работа,достигнувања на стандардите за повисоки звања и напредувања на кариерата.Наставниците и стручните соработници на крајот на учебната година доставија Извештај за реализација на личниот план.

### 18.3 Хоринзонтално учење

Училишните тимови и стручните активи изработуваат програми во кои се застапени следните активности :размена на професионално искуство, отворени часови,дискусии на седниците на активите,работилници според потребите на наставниците ,презентации, и др.се со цел размена на искуство и стекнување на знаења.

Се одржаа состаноци на Активите на одделенска и предметна настава со цел размена на мислења за новините во воспитно образовниот процес,т.е Новата Концепција за образование,новите наставни програми,новата педагошка евиденција и др.

### 18.4 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Директорот на училиштето навремено ги информираше наставниците околу престојниот Конкурс за наставник-ментор согласно Законот за основно образование и Законот за наставници

и стручни соработници.Беше упатен повик до сите кои ги исполнуваат условите за аплицирање да ја поднесат својата пријава во предвидениот рок со цел да го остварат своето законско утврдено право за напредување во звање-ментор.Во нашето училиште на Конкурсот аплицираа 2 наставници кандидати за наставник-ментор.Во напредна фаза има 1 наставник –Тања Јовановска која стана и офијално со одлука од МОН наставник-ментор.

## 19. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 19.1 Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Вклученоста на родителите/старателите во животот и работата на училиштето за учебната 2020.21 год.поради ситуацијата со вирусот најчесто се одвиваше преку телефонска комуникација,групи или состаноци на Microsoft teams.Но во исклучителни ситуации беше дозволено и физичко присуство со почитување на маерките за заштита.

Советот на родители се формира од родителите на учениците за организирано остварување на интересите на учениците во училиште. Во Советот на родители има по еден претставник од секоја паралелка кој што го избираат родителите на родителски состанок на паралелката. Советот на родители изготвува Програма за својата работа и преку нејзината реализација се овозможува родителите да учествуваат во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и својата работа ја темели врз основа на Деловникот за работа. Во текот на учебната година се реализираа низа на редовни средби на Советот на родителите преку користење на апликацијата Microsoft teams.

Во текот на учебната година се реализираа 5 редовните родителски средби преку користење на апликацијата Microsoft teams како и вонредни родителски средби согласно потребите во паралелките.

Информирањето на родителите /старателите се вршеше преку web страна на училиштето која редовно се ажурира ,FB профил , web страна на општината, Е- дневник, преку email комуникација,затворени групи на социјалните мрежи идр. На видни места во училштето се истакнуваат сите потребни информации преку соодветни известувања за тековни активности во училиштето.

### 19.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонннаставните активности

Семејствата добиваат информации за наставниот процес преку континуирана соработка со Советот на родители,Училишниот одбор,Директорот, наставниот кадар,стручната служба и учениците.

Родителите земаа активно учество во online работилници по повод одбележување на новогодишните празници преку работилници за изработка на украси,честитки кои беа поминати во предновогодишно расположение и дружење ,интерни проекти ,како и во активностите за унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието,интерните проекти и низа на активности.

### 19.3 Едукација на родителите/старателите

Едукацијата на родителите се вршеше преку едукативни пишани предавања Стручната служба според својата програма за работа организираше тематски пишани предавања на сл.теми: Совети за адаптација на првачиња, Емоционални промени во адолесценција ,Стрес во услови на ковид-19,Како до подобри резултати во наставата на далечина ,Совети за родители за безбеден интернет кај децата,Како до правилен избор на идното занимање,Улогата на родителот во изборот на идното занимање на своето дете,и др.

## 20.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Воспитно - образовната работа на ова програмско подрачје ја планираме со цел да се стават во педагошка функција сите ресурси што може да ги понуди локалната средина за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето.

Соработката на нашето училиште со локалната средина е од посебно значење со единствена цел училиштето што повеќе да се доближи до локалната средина и да се афирмира како културен и образовен центар. Преку соработката, нашето училиште влијае на подигнување на културно - образовното ниво на локалното население.

Во учебната 2020/21 год.училиштето оствари комуникација со училишта од Општината ,со цел информирање на пошироката јавност за работата и резултатите што ги постигнува училиштето.
Комуникацијата со институциите од областа на културата,беше послаба поради откажувањето на сите културни активности.

На ден 29.3.2021 год. во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт со подршка на општина Аеродром се одржа вело настан во ООУ Ѓорѓија Пулевски каде зема учество и нашето училиште со ученици од 6 до 9 одд.со наставниците Драган Соколов и Александар Кузмановски. Возењето велосипед е спорт од кој сите имаме повеќе придобивки, здраво тело, но и зачувување на здрава и чиста животна средина.Одговорни наставници:Драган Соколов и Александар Кузмановски

На ден 6.4.2021 год.се одржа Спортски ден на Општина Аеродром ,на овој прекрасен настан подржан и од Македонски Олимписки Комитет земаа учество и учениците од нашето училиште со учениците од 6 до 9 одд.со наставниците Драган Соколов и Александар Кузмановски.

На 19.3 2021 год. се одржа Отворен ден за граѓанско образование, посветен на правата и положбата на жените во општеството. Учениците имаа можност да ги презентираат своите активности посветени на достигнувањата на жените низ историјата, истражувањата за еднаквоста/ нееднаквоста на жените во општеството и секојдневните предизвици со кои се среќаваат. Преку презентациите, цртежите со пораки , есеите и дискусијата учениците го дадоа своето видување за улогата на жената и нејзината борба за еднаквост, правда, мир, развој и подобрување на социјално-политички статус во општеството. Одговорен наставник :Магдалена И. Трајковска

На ден 20.04.2021 г. Учениците од 4 и 5 одделение проследија онлајн предавање организирано и спроведено од Народна банка ,предавач Кристина Павлеска, преку платформата Microsoft Teams.Со учениците се разговараше за парите во РСМ,парите што се користат во светот( изгледот на парите,бојата ,сликите што ги има што претставуваат и зошто се ставени на парите).Учениците научија како се уништуваат стари пари и им беше прикажан примерок и како се прават нови пари ( од специфична хартија) за лажни пари ,како се утврдуваат и ги запозна учениците со заштитните карактеристики на парите( микротекстови,воден печат ,текстура) за металните пари ,каде се коват и како се прават ,беа пуштени слики од ковачница .Разговараа за штедење пари и зошто е добро да научат да штедат. Учениците проследија презентации,и видео како изгледа целиот процес на изработка на парите.Одговорен наставник Даница Соколова.

Училиштето преку активности го оддбележа 9 Мај - Денот на Европа.
Најпрво преку разговор беа воведени во значењето на тој ден, го изработуваа европското знаме и ги претставуваа своите емоции за живеењето во Европа и изработија ликовни и литературни творби на темата.
Училиштето зеде учество на литературниот конкурс по повод Денот на Европа,и ученичката Ива Димишковска доби признание,пофалница,и ваучер за прво освоено место.

По повод 2 април Светскиот ден на аутизам, преку работилници, презентации, како и вклучување со ОУРЦ " Златан Сремец" се одбележа светскиот ден на аутизам, под мотото „И ти си дел од инклузивната сложувалка“ .
Низа на настани кои беа планирани се откажаа поради состојбата со пандемијата оние кои дозволуваа одржување преку Microsoft teams успешно се одржаа.

Комуникацијата со јавноста т.е промоцијата на училиштето се вршеше преку web страна на училиштето која редовно се ажурира ,FB профил ,web страна на општината Аеродром.Како и преку подготвена брошура со која се врши промоција на училиштето.

## 21.Следење на имплементацијата на Годишната програма за работата на основното училиште.

Евалуација на Годишната програма се извршуваше два пати во текот на учебната година (еднаш на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година.)При евалуацијата се зема во предвид искуството на сите кои беа вклучени во имплементацијата на програмата со цел да се донесат заклучоци и препораки за планирањето на следната Годишна програма за работата на училиштето(слабите и јаките страни )

Евалуацијата се изведуваше преку собирањето на различни докази т.е податоци (извештаи,анкети,прашалници,записници,следење на постигнувањата на учениците,извештаи за стручните активи,интервјуа,увид во работата на учениците и наставниците преку набљудување и работата на др.телата во училиштето (Одд еленскиот совет,Наставничкиот совет,УО,Совет на родители.)

Земајќи во предвид дена ова е прва година од реализацијата на Годишната програма по новиот Правилник за формата и содржината на ГП од МОН како критериум за успешност ќе се земат во предвид извештаите од споредбените анализи со претходните години .

Земајќи во предвид дека учебна 2020.21 год .започна од 1.10.2020 год. и се работеше со скратени наставни програми и во услови на пандемија на вирусот Ковид-19 некои планирани програмски активности не се реализираа во целост.

Годишниот извештај за работата на училиштето ќе се достави навремено до Општината Аеродром,Сектор за образование , Советот на Општината ,Бирото за развој на образованието,Министерство за образование.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОР ЗА УЧЕБНАТА 2020/21 год.

## 1.ВОДСТВО

| **Активности** | **Соработници** | **Време нареализација** | **Индикатори/Докази** |
|---|---|---|---|
| Избор и вклучување на родителите предвидено во активностите на училиштето. | Родители<br>Наставници<br>Стручни соработници | Во текот на<br>учебната<br>2020.21 год**.** | Годишна програма за работа на училиштето за 2020/21 год.<br>Програма за работа на директор,<br>Анализа за тримесечје,<br>Полугодишен извештај<br>Годишен извештај за работата на училиштето<br>Програма за развој на училиштето |
| Учество и организирање на Советот на родители. | Родители<br>Наставници<br>Стручни соработници | Во текот на<br>учебната<br>2020.21 год. | Записници од состаноците на Совет на родители |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Промовирање на мисијата и визијата на училиштето и нивна реализација. | Родители<br><br>Наставници<br><br>Стручни соработници | Во текот на учебната<br><br>2020.21 год. | Годишна програма за работа на училиштето за<br><br>2020/21 год.<br><br>Програма за работа на директор,<br><br>Полугодишен извештај<br><br>2020/21 год.<br><br>Годишен извешатј за работата на училиштето 2020/21 год.<br><br>Програма за развој на училиштето |
| Поддршка и грижа на сите вработени, ученици и родители да се однесуваат согласно принципите и правилата во училиштето, како и преземање мерки за подобрување на училишната клима и култура. | Родители<br><br>Наставници<br><br>Стручни соработници | Во текот на учебната<br><br>2020.21 год. | Годишна програма за работа на училиштето за 2020.21 год.<br><br>Програма за работа на директор,<br><br>Полугодишен извештај за 2020.21<br><br>Програма за развој на училиштето |
| Ангажирање на родителите предвидено со развојниот план на училиштето. | родители | Во текот на учебната<br><br>2020.21 год. | Записници од состаноците на Совет на родители<br><br>Увид во педагошка евиденција<br><br>Извештаи од воннаставни активности |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Планирање и реализација на Родителски средби по класификациони периоди. | Родители<br>Наставници<br>Стручни соработници | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Годишна програма за работа на училиштето за 2020.21 год.<br>Записници од одржани родителски средби<br>Известувања за родители |
| Организирање на индивидуални контакти по различни основи со родителите и учениците. | Родители<br>Стручни соработници | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Интерни обрасци и протоколи на директор |
| Реализација на активности од областа на инклузија, мултикултурализам, меѓуетничка интеграција, ранливи категории и др. | Родители<br>Наставници<br>Стручни соработници | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Полугодишен извештај за учебната 2020.21 год.<br>Извештаи |
| Определување на ментор на наставник-почетник и стручен соработник – почетник, запознавање со позитивните законски прописи за полагање на стручен испит. | Наставник - ментор<br>Стручен соработник - ментор | Во текот на учебната<br>2020.21 год | Записници од Наставнички совет |
| Воспоставување на добра хоринзонтална и вертикална соработка со активите и другите тела во училиштето. | Наставници<br>Стручни соработници | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Записници на состаноците на стручните активи |
| Запознавање на локалната средина со содржините и можностите на училиштето во остварувањето на воспитно-образовната активност. | Родители<br>Наставници<br>Стручни соработници | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Годишна програма за работа на училиштето за 2020.21 год.<br>Програма за работа на директор, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Полугодишен извештај<br>Брошури |
| Запознавање со нормативите за водење на педагошката евиденција и документација. | Наставници<br>Стручни соработници | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Записници од Наставнички совет |
| Следење на ангажираноста на наставник почетник во сите едукативни работилници. | Наставник- ментор<br>Стручни соработници | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Интерни обрасци и протоколи на директор |
| Следење на педагошко-психолошката поставеност на наставникот во работата со учениците. | Стручни соработници | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Записници на состаноците на Стручните активи,<br>Наставнички совет |

## 2.РАКОВОДЕЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

| **Активности** | **Соработници** | **Време на реализација** | **Индикатори/Докази** |
|---|---|---|---|
| Организирање на расправи и дискусии по одредени прашања кои се од интерес за подобрување на резултатите во наставата, подобрување на комуникацијата помеѓу вработените со почитување на различните ставови и мислења. | Наставници<br>Стручни соработници | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Годишна програма за работа на училиштето за 2020.21<br>Записници на состаноците на стручните активи |
| Идентификација на потребите за професионален развој и спроведување на едукација на наставничкиот кадар согласно програмата за | Наставници<br>Стручни | Во текот на учебната | Извештаи од реализирани обуки<br>Реализација на Програмата за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| професионален развој. | соработници<br>Експерти од областа | 2020.21 год. | професионален развој |
| Навремено планирање на состаноци, навремено информирање на учесниците, како и конструктивно насочување на дискусијата. | Наставници<br>Стручни соработници | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Записници на состаноците на Стручните активи,<br>Совет на родители,<br>Наставнички совет и родителски средби |
| Правилно планирање,обезбедување на компетентен кадар и континуирано следење на нивното работење. | Други институции | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Избор на наставен кадар по објавени огласи, записници од Училишен одбор |
| Поттикнување на кадарот за самоусовршување преку изработка на планови за личен професионален развој на секој наставник во училиштето и изготвување на план за професионален план на ниво на училиштето. | Наставници<br>Стручни соработници | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Програмата за професионален развој<br>Извештаи од реализирани обуки<br>Професионално порфолио на наставници,стручни соработници. |
| Делегирање на одговорности и раководење со вработените, промовирање на тимска работа како и правично распределување на работните задачи. | Наставници<br>Стручни соработници | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Програма за работа на директор,<br>Полугодишен извештај 2020.21<br>Записници на состаноците на Стручните активи,Наставнички совет |

## 3.ПЕДАГОШКО РАКОВОДЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

| **Активности** | **Соработници** | **Време на реализација** | **Индикатори/Докази** |
|---|---|---|---|
| Воспоставување процедури за планирање на | Наставници | Во текот на | Годишна програма за работа на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| наставата и вонннаставните активности. | Стручни соработници | учебната<br>2020.21 год. | училиштето за 2020.21год.<br>Програма за работа на директор,<br>Полугодишен извештај<br>Програма за развој на училиштето. |
| Педагошко-инструктивни разговори со наставниот кадар за организација на наставата на учебната година. | Наставници<br>Стручни соработници | септември<br>2020.21 год. | Записници на состаноците на Стручните активи,<br>Наставнички совет |
| Увид во планирањата и следење на наставните часови по сите наставни предмети .<br>Консултација при посета на наставни часови на Microsoft teams и со физичко присуство со наставничкиот кадар и стручната служба. | Наставници<br>Стручни соработници | Континуирано во текот на учебната<br>2020.21 год. | Интерни обрасци и протоколи на директор<br>Инструменти за следење  на квалитетот на реализација на часовите,дневни подготовни Записници на состаноците на Стручните активи |
| Користење на анализата за постигнувањата на учениците во насока на подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето. | Наставници<br>Стручни соработници | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Анализа на извештај за тримесечје,Записници на состаноците на Стручните активи Записници на состаноците на Одделенските и Наставнички совет. |
| Поднесување на извештај за унапредување на воспитно-образовната работа за учебната година пред наставничкиот совет, училишниот одбор и локалните власти, ДПИ.<br>Дневен извештај за редовност на учениците со | Стручни соработници<br>Претседател на УО<br>Општина Аеродром | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Анализа на извештај за тримесечје,<br>Записниците од наставнички совет,УО, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| физичко присуство до МОН. | ДПИ | | Совет на родители<br>Записници на состаноците на Стручните активи<br>Дневни извештаи до МОН |
| Следење на реализацијата на проектите кои се реализираат во наставата и воннаставните активности  и анализа на реализирани активности . | Одговорни наставници<br>Стручни соработници | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Извештаи од реализација на проекти,воннаставните активности |
| Развивање на педагошка флексибилност меѓу стручните активи за примена на активните методи на работа во наставата и запознавање со новите промени од МОН. | Одговорни наставници | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Записници на состаноците на Стручните активи<br>Полугодишен извештај |
| Создавање на услови за слободно и конструктивно учество на учениците во животот на училиштето преку вклучување во ученичката заедница<br>Присуство на Состаноците на Ученичкиот парламент и правобранител. | Родители<br>Наставници<br>Стручни соработници | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Записници од работата на Ученичката заедница |
| Создавање на услови за заштита и безбедност на учениците од насилство и злоупотреба кои се со физичко присуство во училиштето. | Родители<br>Наставници<br>Стручни соработници | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Годишна програма за работа на училиштето за 2020.21год.<br>Полугодишен извештај на училиштето за 2020.21<br>Извештаи од реализирани работилници ,обуки |
| Поттикнување на естетско-хигиенско одржување на училишниот простор од страна на сите субјекти во училиштето. | Сите субјекти вклучени во училиштето | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Записници од надлежни органи за контрола на хигиената и здравјето на учениците.<br>Интерни обрасци и протоколи на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | директор за следење на одржување на хигиената. |
| Организирање и учество  на натпревари<br>Обезбедување на дидактички средства и работни материјали за потребите на наставата.<br>Обезбедување на дидактички средства и работни материјали за потребите на наставата за новата Концепција за образование. | Книговодител<br>секретар<br>Фирми,<br>добавувачи | Во текот на учебната<br>2020.21 год.<br>Јуни 2021 | Годишна програма за работа на училиштето за 2020.21год.<br>Полугодишен извештајИзвештај од реализирани натпревари,освоени награди, пофалници дипломи.<br>Извештаи од реализирани фактури |

## 4.ФИНАНСИСКО  РАКОВОДЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

| **Активности** | **Соработници** | **Време на реализација** | **Индикатори/Докази** |
|---|---|---|---|
| Наменско користење на буџетот и изнаоѓање на дополнителни извори на финансирање за подобрување на квалитетот на наставата и учењето. | Книговодител<br>Секретар<br>Претседател на УО | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Записници и одлуки на училиштетоСклучени договори,тендери за јавни набавки<br>понуди,Документација за набавени и потрошни материјали. |
| Спроведување на јавни набавки согласно законот. | Книговодител<br>Секретар<br>Претседател на УО | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Склучени договори,тендери за јавни набавки,понуди,<br>Документација за набавени и потрошни материјали |
| Транспарентно усвојување на завршната сметка. | Книговодител<br>Претседател на УО | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Извештаи за финансиско работење,извештаи од пописи,и завршна сметка. |
| Информирање на органите и телата во училиштето за | Совет на родители | Во текот на | Записници од УО |

| | | | |
|---|---|---|---|
| одливот на финансиските средства. | Претседател на УО | учебната<br>2020.21 год. | |
| Проценување на потребите и приоритетите за набавка | Книговодител<br>Претседател на УО | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Годишна програма за работа на училиштето за 2019 /20 год.<br>Документација за набавени и потрошни материјали. |

## 5. ЗАКОНСКО И АДМИНИСТРАТИВНО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

| **Активности** | **Соработници** | **Време на реализација** | **Индикатори/Докази** |
|---|---|---|---|
| Раководење на училиштето согласно законската регулатива. | Наставници<br>Стручни соработници | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Годишна програма за работа на училиштето за 2020.21 год.<br>Програма за работа на директор,<br>Полугодишен извештај за учебната 2020.21.<br>Програма за развој на училиштето . |
| Користење на стратешки и законски документи кои се однесуваат на развој на воспитно-образовниот процес. | Книговодител<br>Секретар | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Законски и подзаконски акти(кодекси,правилници,процедури)<br>Интерни нормативно-правни акти и документи |
| Обезбедување на интерните акти и документи, кои ќе бидат достапни за сите заинтерисирани лица согласно законот. | Книговодител<br>Секретар | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Годишна програма за работа на училиштето за 2021.20год.<br>Полугодишен извештај за 2020.21год.<br>Програма за развој на училиштето Завршна сметка за училиштето. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Достапни на Web страна на училиштето |
| Спроведување на одлуки донесени на Училишниот одбор. | Претседател на УО | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Записници од работата на<br>Училишен одбор |
| Обезбедување на систем за чување на евиденцијата и документацијата, кој што ќе биде транспарентен и достапен за вработените и заинтересираните страни. | Книговодител<br>Секретар | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Огласна табла на училиштето<br>Web страна на училиштето |
| Поттикнување на вработените да користат ИКТ во секојдневното работење, меѓусебната комуникација и комуникацијата со учениците и родителите и со заинтересираните страни( Microsoft office сертификација на директор и наставници). | Наставници<br>Стручни соработници<br>Надворешни соработници – информатичари и акредитирани здруженија. | Во текот на учебната<br>2020.21 год. | Годишна програма за работа на училиштето за 2020.21год.<br>Увид во педагошката евиденција и документација професионално досие на директор,наставник. |
| Одржување, навремено сервисирање и правилно користење на ИКТ опремата .<br>Набавка на камери,звучници за наставниците за потребите на наставата на далечина.<br>Набавка на нова технологија(смарт табли,проектори и др.)за новата програма за I и IV одд. | Надворешни соработници – информатичари и акредитирани здруженија. | Во текот на учебната<br>2020.21 год.<br>Јуни 2021 год. | Соработка со одговорното лице од МОН<br>Одговорно лице од Општина Аеродром. |

Директор

Бистрица Станковска

## Годишен извештај за работата на стручен соработник-педагог за учебната 2020-2021 год.

| 1.Работа со ученици | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Поддршка на учениците во учењето** | | | | |
| **Постигнати цели** | **Реализирани активности** | **Реализација** | **Соработници** | **Индикатори/форми/методи/ докази** |
| Следење и поддршка на учениците за адаптација со училиште во услови на пандемија и на online настават | Адаптација на учениците и спроведување на протоколите за заптита од вирусот ковид-19 на учениците. | Октомври<br>Во текот на учебната 2020.21 | Директор<br>Наставници<br>Стручни соработници<br>Вработени | -Разговори со наставници<br>-Разговори со ученици<br>-Протоколи,кодекси на однесување во училиштето<br>-Алгоритам и план за оддржување на наставата од МОН |
| Поддрша на учениците кои имаат проблем со адаптација и прифаќање на онлине наставата | Идентификување на проблемои и изнаоѓање решенија за истиот | Октомври<br>Во текот на учебната 2020.21 | Психолог,<br>Спец.едукатор<br>наставник | -Разговори со наставници<br>-Разговори со ученици<br>-Насоки од одговорни наставници за misfosoft teams |
| Поддршка на сите ученици во учењето, а посебно на оние кои имаат тешкотии. | Идентификување и поддршка за различните<br>образовни потреби на учениците | Во текот на<br>2020.21 год. | Психолог,<br>Наставници<br>Спец.едукатор | - Разговори со наставници и родители;<br>- Разговори и проценка на ученици;<br>- Насоки за наставниците за работа со учениците;<br>- Индивидуален образовен план<br>-Диференцирени цели. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Проценка на подготвеноста на учениците за вклучување во образовниот систем. | Учество во комисијата за запишување на ученици во училиште (прво одделение)<br>спроведување на постапката за запишување на ученици | 1-30.5.2021 год. | Директор<br>Спец.едукатор<br>Психолог, наставници-членови на комисија | - Комисија за упис на ученици;<br>-Евидентен лист за ученикот при опсервација,<br>- Пријава за упис на ученик<br>- Извод на родени на детето<br>- Потврди за упис, Известување<br>- Покани; Мислење за ученикот |
| Следење на редовноста на учениците на дневно ниво ,утврдување на причините за отсуството. | Идентификување на причините при следењето на наставата и поддршка на ученикот. | Во текот на<br>2020.21 год | Психолог,<br>Спец.едукатор Наставници | - Разговори со наставници и родители<br>-Дневни извештаи за редовноста |
| Анализа на успехот,поведението ,редовноста на учениците после секој класификационен период. | Идентификувањето на причините и за потешкотии во учењето. | Во текот на<br>2020.21 год. | Директор<br>Спец.едукатор<br>Психолог, наставници | - Разговори и проценка на ученици;<br>-Извештаи од наставници<br>- Препораки за ученици, наставници и родители;<br>- Разговори со родители; |
| Подобрување на мотивираноста за учење кај учениците со физичко присуство и inline настава. | Непосредна поддршка на учениците во учењето: Подобрување на мотивацијата за учење. | Во текот на<br>2020.21 год. | Психолог, наставници<br>Спец.едукатор | - Разговори со ученици;<br>- Препораки за начинот на учење |
| **Следење и поддршка на развојот на учениците** | | | | |
| **Постигнати цели** | **Реализирани** | **Реализација** | **Соработници** | **Индикатори/форми/методи/ докази** |

| | **активности** | | | |
|---|---|---|---|---|
| Зголемување на самодовербата и самопочитувањето кај учениците | Следење и поддршка на учениците за адаптирање во училиште во услови на пандемија<br>Вклучување на учениците во искажување на<br>сопствено мислење и донесување одлуки за одредени активности во училиштето. | Во текот на<br>2020.21 год. | Психолог,<br>Спец.едукатор<br>наставници | - Записници од активностите на Ученичкиот парламент<br>- Индивидуални разгвори со ученици;<br>- Час на одделенската заедница<br>-Соработка со одговорен наставник на Ученичкиот парламент,<br>-Ученик Претседател и правобранител |
| Подобрување на системот за поддршка на учениците во училиштето | Информирање на учениците за можностите да добие поддршка од стручниот соработник. | Во текот на<br>2020.21 год | Директор,<br>Психолог<br>Наставници<br>Спец.едукатор | - Час на одделенската заедница<br>- Индивидуални средби |
| Соодветно справување со лични кризни состојби на ученикот | Помош на ученици со емоционални проблеми.<br>Отворена email адреса за комуникација со учениците во периодот на корона вирусот.<br>Предавање со совети и препораки за | Во текот на<br>2020.21 год | Директор<br>Психолог,<br>Спец.едукатор<br>наставници<br><br>Директор | - План за поддршка на ученици со емоционални проблеми<br>- Разговори со ученици, наставници и родители,препораки и совети.<br>- Отворена email адреса за помош на учениците за време на вирусот<br>**oou.sovetuvanje@gmail.com**<br>**-**пишани предавања |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | учениците во услови на затворен простор и ковид -19. | | Психолог, наставници | **-**веб страна на училиштето и фб профил. |
| Увид во причините за неуспехот и несоодветното однесување на учениците. | Прибирање податоци за личниот и социјалниот развој на учениците Прибирање информации за учењето и однесувањето на учениците | Во текот на 2020.21год. | Психолог<br>Наставници<br>Спец.едукатор | - Набљудување,<br>- Интервју,<br>- Анкета,<br>- протокол за следење на час, |
| Превенција од насилно и асоцијално однесување, дискриминација. | Работилници со учениците за препознавање и дискриминација .<br>Работилница„ за запознавање со Конвенцијата за правата на децата. | Во текот на 2020.21 год. | Директор<br>Психолог,<br>наставници | -Работилници на Ученички парламент<br>- индивидуални и групни разговори;<br>-повратна информација од ученици |
| Користење на соодветни стратегии за справување со несоодветно однесување на учениците.<br>-Кодекс за однесување на online наставата. | Интервенирање при несоодветно однесување на ученици | Во текот на 2020.21 год. | Директор<br>Психолог, наставници | -Кодекс за однесување на наставата на далечина<br>- Дневник за работа,<br>- записници, |

| Професионална ориентација и кариерен развој на учениците | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Постигнати цели** | **Реализирани активности** | **Реализација** | **Соработници** | **Индикатори/форми/методи/ докази** |
| Подобро запознавање на учениците со мрежата на училишта и струки во средното образование на ниво на град Скопје.<br>Запознавање со начинот на вршење на уписите во средните училиште на град Скопје.<br>Соработка со професори од училиштата-презентации од училиштата<br>Запознавања на родителите со улогата во изборот на занимањето на нивното дете<br>Моето идно занимање-предавање за ученици од 9 одд. | Запознавање со<br>Конкурсот за упис во средно образование издаден од МОНза учебната 2021/22год.<br>известување на веб страната флаери и презентации.<br>Препораки за избор на стручното образование како идна професија.<br>Веб страна | Април ,<br>Мај ,<br>2021 год.<br>Јуни 2021<br>Јуни 2021 | Директор<br>Психолог<br>Наставници<br>Класни раководители<br>ученици<br>Спец.едукатор | - Конкурсот за упис во средно образование издаден од МОН за учебната 2021/22год.<br>-Презентации и е-фалери<br>-Предавања за ученици и родители на веб страна.<br>-Misrosoft teams презентации<br>-Пишано предавање за родители и ученици |
| **2.Работа со наставници** | | | | |
| **Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес и самоевалуацијата** | | | | |

| Постигнати цели | Реализирани активности | Реализација | Соработници | Индикатори/докази/форми/методи |
|---|---|---|---|---|
| -Правилно и кавлитетно планирање и реализирање на наставата | -Увид во квалитетот на Годишните програми | Октомври-јуни 2021 | Директор<br>Психолог<br>Наставници<br>Спец.едукатор | -Индивидуални консултации;<br>-Стручен актив<br>-Комисија за проверка на годишни планирања |
| -Правилно и уредно водена педагошка евиденција според насокоите од БРО<br>- Правилно и уредно водена педагошка евиденција според насокоите од БРО(евиденција за дополнителна ,додатна и воннаставни активности) | Укажување за правилно водење на педагошката евиденција<br>Укажување за правилно водење на педагошката евиденција | Во текот на 2020.21<br>Во текот на 2020.21 | Директор<br>Психолог<br>Наставници<br>Спец.едукатор<br>Директор<br>Психолог<br>Наставници<br>Спец.едукатор | -Индивидуални консултации;<br>-Стручен актив<br>-Индивидуални консултации;<br>-Стручен актив |
| Навремено запознавање со новините од МОН ,БРО. | Запознавање со начинот на реализација на наставата на далечина | Во текот на 2020.21 | Директор<br>Психолог<br>Наставници<br>Спец.едукатор | -Индивидуални консултации;<br>-Стручен актив<br>-Група со наставници |
| Обезбедување на позитивната социо-емоционалната клима | Набљудување на однесувањето на учениците од | Во текот на<br>2020.21 год | Психолог,<br>Директор | -Разговори со наставници;<br>-Протоколи за следење; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| во училницата; | паралелката за време на настава и одмор во услови на пандемија.<br>Индивидуални консултации со наставници за создавање стимулативна средина за учење во услови на пандемија. | | Наставници<br>Спец.едукатор | -Повратни информации;<br>-Насоки за подобрување на социо-емоционалната клима во училницата во услови на пандемија. |
| Подобрување на начинот на оценување на учениците на наставата на далечина.<br>Препораки за оценувањето на учењето на далечина МОН,БРО. | Состанок за подобрување на оценувањето (повратната информација од родителите) | Во текот на<br>2020.21 год<br>Април 2021 год.<br>Јуни 2021 год. | Директор<br>Спец.едукатор<br>наставници | -Стручен актив;<br>-родителски средби<br>-Известувања за наставници<br>-Упатства за оценување од МОН и БРО<br>Стручен актив<br>-родителски средби<br>-Известувања за наставници<br>-Упатства за оценување од МОН и БРО |
| Подобрување на ефективноста во редовната наставата и наставата на далечинско учење.<br>Увид во редовноста на учениците. | Презентирање на современи методи, техники и стратегии за реализација на наставата<br>Препораки за начинот на реализација на наставата далечинско учење. | Во текот на<br>2020.21 год<br>Април 2021 год.<br>Јуни 2021 год | Директор<br>Педагог<br>Наставници<br>Наставник по информатика<br>Спец.едукатор | -Стручен актив;<br>-индивидуални консултации;<br>-Известувања за наставници<br>-Упатства за оценување од МОН и БРО |

| **Поддршка на наставниците за работа со учениците** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Постигнати цели** | **Реализирани активности** | **Реализација** | **Соработници** | **Индикатори/докази/форми/методи** |
| Препознавање на потребите од учениците, почитување на личноста на секој ученик и идентификување и развивање на неговите јаки страни | Насоки за работа на наставниците со одделни групи и поединечни ученици (тешкотии во учењето, проблеми во развојот, болест, емоционални проблеми, надарени ученици и слично). | Во текот на<br>2020.21 год | Психолог<br>Наставници<br>Спец.едукатор | -Мислења;<br>-консултирање стручна литература;<br>-Стручни активи |
| Индивидуализација во задолжителната, додатната и дополнителната настава, слободни ученички активности, натпревари; | Запознавање на наставниците со карактеристиките на новозапишаните ученици;<br>- запознавање на наставниците со различни начини на кои учениците учат | Во текот на<br>2020.21 год | Психолог<br>Спец.едукатор | -Мислења;<br>-планирања;<br>-стручни активи; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Подобрување на комуникацијата на наставникот со учениците | Давање стручна поддршка на наставниците за воспоставување на добра комуникацијата помеѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно. | Во текот на 2020.21 год | Психолог Спец.едукатор | -Индивидуални консултации; |
| Согледување на причините за несоодветно однесување, предлагање стратегии за надминување и следење на ефектите од превземените активности. | Помош на наставникот во справување со и разрешување на проблеми со однесувањето на учениците. | Во текот на 2020.21 год | Директор Психолог Спец.едукатор | -Индивидуални консултации; |
| **Поддршка на наставниците за работа со родителите** | | | | |
| **Постигнати цели** | **Реализирани активности** | **Реализација** | **Соработници** | **Индикатори/докази/форми/методи** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Препознавање на потребите од учениците, почитување на личноста на секој ученик и идентификување и развивање на неговите јаки страни | Насоки за работа на наставниците со одделни групи и поединечни ученици (тешкотии во учењето, проблеми во развојот, болест, емоционални проблеми, надарени ученици и слично) | Во текот на<br>2020.21 год | Психолог<br>Наставници<br>Спец.едукатор | -Приоди во учењето;<br>-Мислења;<br>-Наоди;<br>-консултирање стручна литература |
| Подобрување на комуникацијата на наставникот со учениците | Давање стручна поддршка на наставниците за воспоставување на добра комуникацијата помеѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно. | Во текот на<br>2020.21 год | Психолог<br>Спец.едукатор | -Индивидуални консултации;<br>-Советување; |
| **3.Работа со родители** | | | | |
| **Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите** | | | | |
| **Постигнати цели** | **Реализирани активности** | **Реализација** | **Соработници** | **Индикатори/докази/форми/методи** |
| Информирање на родителите за работата на училиштето. | Запознавање на родителите со работата на училиштето во услови на пандемија.<br>Учество во изработка на брошура<br>Информирање на | Во текот на 2020.21 | Психолог<br>Директор<br>Спец.едукатор | -Дневни извештаи<br>-Известувања за родители<br>-Веб страна |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | огласна табла | | | |
